НОВО СРЦЕ

**Неделен Христијански Интернет Билтен Година IV. бр. 130 Дата: 07. 05. 2012.**

# БАЕЊЕТО И ГАТАЊЕТО



Во Македонија е вообичаено кога некој го боли главата, да му кажат дека е урочен и дека треба да оди на бајач. Ако, пак, ти се случуваат „баксузни“ работи, ќе ти кажат дека веројатно некој ти направил магија и гатачот ќе треба да ја растури магијата. За вакви случаи, но и за многу други, (болест, депресија, страв, желба да се дознае иднината), нашиот народ бара помош од бајачи и гатачи.

Некој рекол: „Ако сакаш да откриеш во што навистина верува македонскиот народ, погледни каде се редиците за духовна помош; црквите се празни, а пред „ординациите“ на бајачите, често се создаваат редици од луѓе“.

Во поново време, сé почесто ги среќаваме ваквите луѓе и на телевизијата и во списанијата како ги нудат своите услуги предвидувајќи ја иднината со тарот-карти, кугла и слично.

Како христијаните треба да гледаат на ова? Дали се тоа само луѓе што се обидуваат да помогнат и да си го заработат својот леб? Или, пак, се работи за нешто посериозно?

Бог, во Своето Слово, Библијата, јасно и директно го кажува својот став. Тоа се противи на гатачите и бајачите укажувајќи дека тие не се Негови слуги. Ваквиот став можеме да го забележиме и кај пророците, но и кај апостолите, кои влегуваа во директен конфликт со оние што се занимаваа со јасновидство. Во Библијата пишува:



*„Да не се најде меѓу вас човек кој го тера синот свој или ќерката своја да помине преку оган, заради исчистување, или да претскажува, да гата, или, пак,* ***маѓесник***, ***бајач***, ***или што повикува духови***, *ниту, пак,* ***волшебник***, *ниту таков* ***што разговара со мртви***; *зашто секој кој го прави тоа, е гнасен пред Господ, и токму поради тие гнасотии Господ, твојот Бог, ги изгонува од пред тебе“* (5 Мојсеева. 18:10-12).

*„А на ... на* ***вражалците,*** *и на идолопоклониците и на сите лажци, нивниот дел им е во езерото, кое гори со оган и сулфур“ (Откровение 21:8).*

На ваквите практики им се противи дури и првославната црква. Еден аргумент за тоа е интервјуто во весникот „Вечер“ со митрополит Агатангел, каде што беше запишано: *„Се случува поплава од луѓе, кои гатаат, гледаат на кафе, на карти, на рака, ја претскажуваат иднината, имаат различни виденија во сон, биоенергетски способности. За Македонската православна црква ваквата појава не е ништо друго, освен разни видови суеверија,* ***мошне штетни и опасни***, *кои однатре го нагризуваат нејзиното ткиво“*
*(Извадок од весник „Вечер“, стр. 15; 17.08. 2002 год.)*

И митрополит Наум Струмички во својата книга „Слово од Елеуса“ пишува против окултните појави. Зборувајќи за магискиот пристап кон животот, тој вели:
*„Една од најголемите пречки за обнова на духовниот живот кај нашиот православен народ е присуството и дејствувањето на најразновидните бајачи и гледачи. Православната црква и нејзините пастири треба да му посветат особено внимание на отстранувањето на овие* ***негативни појави***, *кои веќе подолго време земаат замав кај нас“.*

Се поставуваат прашањата: „Која е опасноста од одењето кај таквите луѓе?“ „Зар не се случува да слушаме за примери на луѓе, кои токму таму нашле лек?“ „Ако бајачите и гатачите не се Божји слуги, како е можно тие да погодуваат, и наводно лечат од болести и слично?“



Иако голем дел од гатачите се измамници и вешти психолози, факт е дека има и такви што навистина можат да погодат многу информации за вас. Една од нив е познатата баба Ванѓа од Петрич (веќе почината), за која се кажува дека кај неа се слевале реки од народ, барајќи таа да пророкува.

Сепак, колку луѓето и да ја воздигаат, постојат некои немили факти за неа. Сведоците кажуваат дека кога Ванѓа пророкувала, честопати го менувала лицето и гласот, кое укажува дека била под влијание на демонски сили. Во една случка баба Ванѓа изјавува: „Понекогаш спијам само еден час. Духовите не ме остават на мир. Ме вознемируваат, ме будат и ми велат: Станувај, време е да се работи'".

Димитар Попмаринов (православен теолог во Бугарската православна црква, и декан на богословскиот факултет во Велико Трново, Бугарија), по деталното истражување на животот и на практиката на Ванѓа, изјавува дека таа дејствува со помош на паднатите зли духови. (www.pravoslavieto.com/inoverie/vanga/index.htm#5.).

Од библиските записи можеме да научиме дека и нечистите (демонските) духови имаат одредена моќ и знаење за животите на многу луѓе и на тој начин некои гатачи, како баба Ванѓа, успеваат да „погодат" факти за нашите животи. Но, ѓаволот е лукав и не сака да се открие и да каже дека сите тие погодувања и чуда се преку него.
Апостол Павле предупредува*: „Немојте да се чудите на ова! И самиот сатана може да се преправа во ангел на светлината! Тогаш не е необично ако и неговите слуги се преправаат во службеници на праведноста" (2 Коринтјаните 11:14-15).*

Многумина, кои се занимавале со окултна практика (гледање кафе, карти, баење, гатање и слично, сведочат дека примиле чудна способност да погодуваат, но подоцна нивниот живот станувал сé полош, сé додека не побарале помош од Господ Исус.

Еден таков пример е опишан во книгата „Вистината за баењето, гатањето и уроците", од теолог Драган Манев. Таму се зборува за жена на која ѝ се јавувале духови претставувајќи ѝ се како светци. Наскоро, таа добила способност да гледа на карти, на кафе, да гата, но, заедно со тоа почнале и ноќни кошмари, чудни звуци и стравови.
Сепак, според Божјата милост, таа добила Библија на подарок и почнала да ја чита. Таму открила дека тоа што го прави е од ѓаволот, се покајала и повикала кон Исус да ѝ го исчисти нејзиното срце и да ѝ даде мир. Тоа и се случило. Оттогаш па натаму, оваа жена повеќе немала кошмари и престанале појавувањата на лажните светци.

Ако и ти си посетувал бајачи и гатачи, или можеби самиот се занимаваш со тоа, ако имаш кошмари, немири, стравови и чудни визии на „светци", направи го следново:

1. Покај се за тоа што си одел на бајач или гатач, или ако самиот си бил еден од нив (иако можеби не си знаел дека е грев).
2. Исфрли ги сите „магиски" предмети, кои си ги добил од тие луѓе (амајлии, ливчиња, крпчиња...и било што друго)
3. Прифати Го Исус Христос, како твој Господ и Спасител.
4. Почни да живееш свет и богоугоден живот.
5. И за крај, никогаш повеќе немој да бараш помош од бајачи.



**Адреса: „Ново Срце", П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**